**20262233687**

## СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

Врз основа на членот 75, ставови 1 и 2 од Уставот на Република Северна Македонија, претседателот на Република Северна Македонија и претседателот на Собранието на Република Северна Македонија, издаваат

## У К А З
## ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ПРЕВОЗВО ПАТНИОТ СООБРАЌАЈ

Се прогласува Законот за изменување и дополнување на Законот за превоз во патниот сообраќај,

што Собранието на Република Северна Македонија го донесе на седницата одржана на 15 септември 2026 година.

Бр. 08-5641/1
15 септември 2026 година
Скопје

Претседател на Република
Северна Македонија,
**Гордана Сиљановска-Давкова,** с.р.

Претседател
на Собранието на Република
Северна Македонија,
**Африм Гаши,** с.р.

## ЗАКОН ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ПРЕВОЗ ВО ПАТНИОТ СООБРАЌАЈ

Член 1

Во Законот за превоз во патниот сообраќај („Службен весник на Република Македонија“ број 68/2004, 127/2006, 114/2009, 83/10, 140/10, 17/11, 53/11, 6/12, 23/13, 120/13, 163/13, 187/13, 42/14, 112/14, 166/14, 44/15, 97/15, 124/15, 129/15, 193/15, 37/16, 71/16, 64/18, 140/18 и 163/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ број 275/19, 67/22, 170/24, 3/25, 17/25 и 101/25), во членот 87-б по ставот 2 се додава нов став 3, кој гласи:

„Мандатот на директорот трае пет години.“.

Ставот 3 кој станува став 4 се менува и гласи:

„За именување на директор на Државниот инспекторат за транспорт се спроведува постапка утврдена во Законот за високи раководители.“.

Ставот 4 кој станува став 5 се менува и гласи:

„За директор на Државниот инспекторат за транспорт може да биде именувано лице кое ги исполнува условите утврдени во Законот за високи раководители.“.

По ставот 5 се додава нов став 6, кој гласи:

„На директорот мандатот му престанува со истекот на мандатот, а пред истекот на мандатот се разрешува и мандатот му престанува по сила на закон согласно со Законот за високи раководители.“.

Член 2

Директорот на Државниот инспекторат за транспорт именуван до денот на започнувањето со примената на овој закон, продолжува да ја врши функцијата до истекот на мандатот за кој е именуван.

Член 3

Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“, а ќе започне да се применува од 1 октомври 2026 година.